# Медијација во кривичната и граѓанската постапка

# Прописи кои ја регулираат материјата

**ЗАКОН ЗА МЕДИЈАЦИЈА** – Службен Весник бр.294/21 од 27.12.2021 година.

**ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА - „Службен весник на Република Македонија“ број 79 од 21.09.2005 година.**

**Измени и дополнувања на законот објавени се во „Службен весник на Република Македонија“ број 110 од 02.09.2008 година, број 83 од 03.07.2009 година, број 116 од 01.09.2010 година и број 124 од 23.07.2015 година.**

**ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА -** „Службен весник на РМ“ бр.150/10,

Измени и дополнувања на Законот објавени се во „Службен весник на РМ“ бр.100/12, бр.142/16, бр.198/18 и Одлуката на Уставниот суд на РМ, У. бр.2/2016, објавена во во „Службен весник на РМ“ бр. 193/16 и

* **ЗАКОН ЗА ПРАВДА НА ДЕЦА - „Службен весник на Република Македонија, број 148 од 29.10.2013 година.**
* Измени и дополнувања објавени се во „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 152 од 25.07.2019 година и број 275 од 27.12.2019 г

# ЦЕЛ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

- да го олесни пристапот до постапката на медијација како алтернативна постапка за решавање на спорови

- да влијае на подигање на свеста за медијацијата, со поттикнување на нејзината примена и преку гарантирање на балансирана врска меѓу медијацијата и судската постапка.



# Предмет и подрачје на примена на Законот за медијација

Се уредува медијацијата во спорните односи во кои страните можат слободно да располагаат со своите барања, освен ако со друг закон не е утврдена исклучива надлежност на суд или друг орган, без оглед на тоа дали таа се спроведува пред или по започнување на судска или друга постапка.

# Дефиниција за медијација

- **„Медијација“** е **посредување и начин на решавање на спорови** настанати меѓу две или повеќе страни во спорот, при што им се овозможува истиот да го решат по пат на мирење, со посредство на трета неутрална страна медијатор/медијатори, со можност да постигнат заемно прифатлива писмена спогодба;
- **„Медијатор“** е физичко лице кое поседува лиценца за вршење на медијаторски работи согласно со овој закон, актите на Комората на медијатори на Република Северна Македонија и ја спроведува медијацијата согласно со начелата за медијација;

# Спорови во кои се применува медијацијата

* имотно правни спорови што произлегуваат од оставински постапки,
* семејни спорови,
* работни спорови,
* трговски спорови,
* потрошувачки спорови,
* осигурителни спорови,
* спорови во врска со дискриминацијата,
* спорови поврзани со граѓанска одговорност за навреда и клевета и

# Спорови во кои се применува медијацијата

* спорови што произлегуваат од постапките на нотарски платни налози,
* спорови од областа на образованието,
* спорови од областа на безбедност и здравје при работа,
* спорови од областа на здравствената заштита,
* спорови од областа на заштитата на животната средина,
* во други спорни односи каде што медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно разрешување настанати меѓу домашни и/или странски физички и правни лица.
* Одредбите од овој закон се применуваат и во кривични предмети, доколку со посебен закон поинаку не е определено.

# Видови на медијација

* **Доброволна** - страните своеволно се впуштаат во обид за решавање на спорен однос, пред или по започнувањето на судска постапка
* **Договорна** - произлегува од облигациониот договор помеѓу страните со внесување на одредба со која во договорот се утврдува дека доколку настане спор, истиот ќе го решат по пат на медијација, пред започнување на судска или на друга постапка и
* **Законски определена** - задолжителниот обид за медијација кој произлегува од закон пред или по започнување на судска постапка.



# ПОСТАПКА НА МЕДИЈАЦИЈА
# Барање и покана

* Постапката на медијација, се поведува со поднесување на барање до избран медијатор и/или по писмен или електронски пат
* Барање за поведување постапка на медијација, може да поднесе секоја страна во спорот, посебно или пак двете страни заедно.
* Покана за изјаснување за учество во постапка на медијација, медијаторот ја изготвува во писмена форма и ја доставува до страната која подносителот на барањето ја навел како спротивна страна со која е во спорен однос, преку пошта со препорачана пратка и повратен рецепис или по електронски пат.

# Започнување на постапка на медијација

- **Кај доброволната медијација -** медијацијата започнува со денот на потпишувањето писмена изјава за согласност за учество на спротивната страна во медијација.

-Кај Договорната и законски определената медијација - медијацијата започнува со изјавена согласност на двете страни за започнување постапка за медијација

-Во постапка на медијација, за спорови за кои е веќе започната судска или друга постапка - медијацијата започнува на денот кога судот или друг надлежен орган, по изјавена согласност на страните, донесува **решение за прекин на постапката** заради упатување на страните во постапка на медијација

# Започнување на постапка на медијација

- Медијаторот е должен најдоцна во рок од три работни дена сметано од денот на приемот на барањето, да закаже средба помеѓу страните.
- Доколку страната која поканила друга страна во постапка на медијација не добие одговор за прифаќањето на поканата за медијација најдоцна во рок од 15 дена од денот на испраќањето на поканата од медијаторот, се смета дека предлогот за поведување постапка на медијација не е прифатен.
- \- Доставата се врши по пошта или по електронски пат

# Начин на учество на страните во медијација

* Во постапката на медијација страните учествуваат лично, преку законски застапник, полномошник, старател или лица овластени од страните во спорот.
* Страната која не е деловно способна, како и страната која има ограничена деловна способност ја застапува законски застапник, односно старател, со писмена согласност на центарот за социјална работа.
* Овластените лица, учествуваат во постапка на медијација во рамки на овластувањата што им се доверени со полномошно од страната учесник.

# Застареност и преклузија

* Со поднесување на барање за поведување на постапка на медијација започнува прекин на рокот за застареност на побарувањето кое е предмет на спорниот однос и трае до завршувањето на постапката за медијација, но не подолго од 90 дена од денот на поднесувањето на барањето.
* Кога постапката за медијација завршува без постигната спогодба, рокот на застареност на побарувањето продолжува да тече од денот на завршување на постапката за медијација. Кога странките постигнале делумна спогодба застареноста на побарувањето за кое не е постигната согласност во случајот, продолжува да тече од денот на потпишувањето на делумната спогодба.
* Страните кои започнале постапка на медијација немаат право истовремено, односно додека трае постапката на медијација да започнат судска, арбитражна или постапка пред друг медијатор за истиот спорен однос кој е предмет на медијацијата.
* По исклучок, страните учесници во медијација, можат за време на постапката на медијација да поднесат предлог за изрекување на привремени мерки или мерки за обезбедување пред надлежен суд.

# Обврски на медијаторот

* да ги запознае со:
* начелата,
* целите на медијацијата,
* улогата на медијаторот,
* правилата и
* трошоците на постапката на медијација.

# Обврски на медијаторот

* Води заеднички или одвоени разговори со страните, по сопствена иницијатива или на барање на која било од страните.
* Предлозите и ставовите на едната страна, со нејзина согласност или на нејзино барање, има обврска да и ги пренесе на другата страна.
* Да ги почитува начелата на медијацијата, земајќи ги предвид сите околности во спорниот однос, интересите на страните и потребата за брзо решавање на спорниот однос.



# Завршување на постапката на медијација

* **Постапката на медијација завршува:**

* со склучување писмена **спогодба за решавање на спорниот однос** меѓу страните - на денот на склучувањето на спогодбата;
* со склучување на писмена **спогодба за делумно решавање на спорот** меѓу страните - на денот на склучувањето на спогодбата;
* со **писмена изјава на медијаторот**, а по извршени консултации со страните дека натамошното водење на постапката на медијација **не е целисходно (оправдано)** - на денот на поднесувањето на писмената изјава;
* со **доставување на писмена изјава** на која било од страните за **отстапување од учество** во постапката на медијацијата, на денот на поднесувањето на изјавата до медијаторот;
* со **престанување на својството на правното лице**, по увид во Централниот регистар;
* со **настапување на смрт на една** од страните на спорниот однос;
* со **престанување на својството на медијаторот** кој посредувал во постапката;
* со **донесување решение или друг акт со кој на медијаторот му е забрането да извршува медијаторски работи**, за време на периодот за кој трае забраната и
* **по истекот на 90 дена од денот на започнување на постапката на медијација**, без оглед на нејзиниот исход.

# ПОСТАПКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА ВО КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

- Во кривичната постапка оштетениот има право да учествува во постапката за медијација на начин и под услови определени со овој закон.

# УСЛОВИ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

* Во случај кога делото се гони по приватна тужба надлежниот судија поединец на рочиштето за мирење од причини на целесообразност може да даде предлог до страните за давање согласност за упатување на медијација.
* Страни во постапката за медијација се осомничениот, неговиот бранител и оштетениот и неговиот полномошник.
* Согласноста може да се даде на записник пред судијата поединец или во писмена форма, заеднички или секоја страна посебно. Согласноста се дава најдоцна во рок од три дена од денот кога е предложено упатување на медијација.
* По дадената согласност од страните судијата - поединец донесува решение за упатување на страните на медијација.
* Доколку во определениот рок страните не дадат согласност, судијата- поединец носи решение дека предлогот за упатување на медијација не е прифатен и закажува главна расправа според одредбите за скратената постапка.

# ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕДИЈАТОР

* Во рок од три дена од дадената согласност, страните спогодбено определуваат еден или повеќе медијатори од Именикот на медијатори и за тоа го известуваат судијата поединец.



# Траење на постапката за медијација

* Постапката за медијација може да трае најдолго до 45 дена од денот на дадената согласност од страните до надлежниот судија - поединец.



# Спроведување на постапка за медијација до постигнување спогодба

* Постапката за медијација до потпишување писмена спогодба, медијаторот ја спроведува согласно со одредбите на Законот за медијација.
* Медијаторот во договор со страните ќе ги определи термините за водење на медијацијата. Медијаторот комуницира со страните заедно или одвоено. Присуството на страните во текот на постапката за медијација е задолжително.
* Пред почетокот на постапката за медијација, медијаторот е должен да ги запознае страните со принципите, правилата и трошоците на постапката.

# Завршување на постапката за медијација според ЗКП



* со потпишување писмена спогодба
* со писмена изјава на медијаторот, по извршените консултации со странките дека не се оправдани натамошни обиди за медијација, на денот на поднесувањето на изјавата;
* со истекот на рокот од 45 дена констатиран со известување од страна на медијаторот;
* со повлекување на страните во кое било време од постапката за медијација без притоа да ги наведат причините за тоа. Повлекувањето ќе се смета од денот на поднесување на изјавата за повлекување

# Елементи на писмената спогодба

* **Спогодбата мора да ги содржи најмалку следниве елементи:**
* податоци за осомничениот, односно обвинетиот и неговиот бранител;
* податоци за оштетениот, односно за приватниот тужител;
* опис на настанот и правната квалификација на делото;
* денот кога започнала постапката за медијација;
* податоци за вкупниот број средби одржани со странките, заедно или одвоено;
* предмет на спогодбата - надоместок на штета, извршување определени обврски од страна на сторителот, односно обвинетиот во полза на оштетениот, извинување од сторителот, односно обвинетиот до оштетениот, враќање на предмети или друг основ за кој страните постигнале спогодба;
* рок за исполнување на обврските кој не може да биде подолг од три месеци;
* одлука за надоместок на трошоците од постапката;
* датум на составување на писмената спогодба;
* потпис од страните во медијацијата и
* заверка на спогодбата од страна на медијаторот со потпис и штембил издаден од Комората на медијаторите.

# Потпишување писмена спогодба

* Потпишаната писмена спогодба без одлагање се доставува до надлежниот суд.
* До истек на рокот за исполнување на обврските, осомничениот е должен да приложи доказ за исполнетост на обврските и за надоместок на трошоците на постапката кај надлежниот судија поединец.
* По прием на доказите и потврда за надоместок на трошоците на постапката, судијата поединец носи решение за запирање на постапката.
* Решението се доставува до осомничениот и до оштетениот.
* Ако по истек на рокот за исполнување на обврските осомничениот не приложи докази дека ги исполнил обврските определени со писмената спогодба, судијата поединец закажува главна расправа според одредбите за скратената постапка.

# МЕДИЈАЦИЈА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ПРАВДА НА ДЕЦА

* По **пријава** за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело и за кое е предвидена казна затвор до пет години,
* На медијација упатува надлежниот јавен обвинител
* Во случај кога е **поведена судска постапка,**
* На медијација, од причини на целесообразност, може да упати надлежниот суд за деца.
* Упатувањето може да биде до завршување на главниот претрес
* Судот носи решение со кое постапката ја прекинува, а страните ги упатува на постапка за медијација.
* Постапката за медијација може да се спроведе само по писмена согласност на страните
* Писмената согласност страните се должни да ја достават до јавниот обвинител или до судот за деца во рок од три дена од денот кога е предложено поведување на постапка на медијација. Доколку во определениот рок страните не достават писмена согласност, се смета дека предлогот за медијација не е прифатен.
* Упатување на медијацијата е исклучено за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела против половиот морал и половата слобода и родово засновани облици на насилство врз женски лица, а согласно со ратификуваните меѓународни договори.

# Определување на медијатор

* Во рок од три дена од доставената писмена согласност, страните спогодбено определуваат медијатор од Именикот на медијатори во надлежниот суд за деца и го известуваат јавниот обвинител, односно судот за деца.
* Ако страните не можат да се спогодат јавниот обвинител, односно судот е должен да определи медијатор од Именикот на медијатори во рок од три дена и да ги извести страните.



# Траење на постапката на медијација

* Рокот за завршување на постапката за медијација изнесува најмногу до 45 дена од денот на доставувањето на писмената согласност до надлежниот орган.
* Доколку во овој рок не заврши постапката за медијација, предметот се враќа кај јавниот обвинител, односно судската постапка продолжува таму каде што е прекината.

# КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ МЕДИЈАТОР

Медијатор е деловно способно физичко лице кое им помага на страните да постигнат спогодба, без право да наметне решение на спорот, во согласност со начелата на доброволност, неутралност и непристрасност, доверливост, јавност во медијацијата, еднаквост на страните, достапност на информациите за медијација, ефикасност и правичност.

# КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ МЕДИЈАТОР ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ДЕЦА

* Медијатор може да биде адвокат, дипломиран правник - специјалист, социјален работник, педагог, психолог или лице од друга професија кое завршило обука за медијатор за деца и кое ги исполнува следниве услови:
* да има завршено високо образование VII/1 или стекнати 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС),
* да има најмалку пет години работно искуство во работење со деца,
* да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност за времето додека трае истата,
* да има сертификат издаден или признат од Министерството за правда за завршена обука според Програмата за обука на медијатори и
* да биде запишан во Именикот на медијатори.



# Спроведување на постапка за медијација

- Медијаторот во договор со странките ќе ги определи термините за водење на медијацијата.
- Присуството на странките во текот на постапката за медијација е задолжително.
- Пред почетокот на постапката за медијација, медијаторот е должен да ги запознае страните со начелата, правилата и трошоците на постапката.
- Во спроведувањето на постапката за медијација, медијаторот ќе ги почитува начелата на медијацијата, земајќи ги предвид сите околности на предметот, интересите на страните и потребата за брзо и трајно решавање на спорот.
- Медијаторот може да комуницира со страните заедно или одвоено.
- Информациите што медијаторот ги прима од која било страна во постапката, може да и ги открие на другата страна, освен оние за кои страната ќе определи дека се доверливи.
- Страните и медијаторот, доколку поинаку не се договориле, можат во кое било време во текот на постапката да изнесуваат свои предлози за спогодбата со која ќе го решат спорот.
- Во случаите од ставот (7) на овој член на секоја страна и се дава можност да се произнесе по предлозите.

# Завршување на постапката за медијација ( ЗПД )

* Постапката за медијација завршува:
* со склучување на писмена спогодба од страна на медијаторот и страните за постигнатата согласност за надоместок на материјалната штета и моралната сатисфакција,
* со писмената изјава на медијаторот по извршените консултации со страните дека не се оправдани натамошни обиди за медијација, на денот на поднесувањето на изјавата
* со истекот на рокот предвиден за завршување на постапката за медијација.
*
* Страните можат во кое било време да се откажат од постапката за медијација без притоа да ги наведат причините за тоа. Откажувањето ќе се смета од денот на поднесувањето на изјавата за откажување.
* Медијаторот ќе ја запре постапката за медијација доколку смета дека е постигната спогодба што е незаконска или неподобна за извршување.
* Потпишаната писмена спогодба јавниот обвинител, односно судот ја потврдува со решение со кое истовремено констатира дека постапката е запрена.
* Ако јавниот обвинител, односно судот не ја прифати спогодбата, кога ќе оцени дека не се исполнети законските услови за медијацијата или нејзините цели, тогаш постапката продолжува таму каде што прекинала.

# Трошоци за медијаторот во постапката за медијација ( ЗПД)

* Во постапката за медијација која се води според одредбите од овој закон соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за медијација.

* Трошоците за медијаторот паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија, според Тарифникот за награда и надоместок на трошоци на медијаторите, по утврдување на трошоците од јавниот обвинител, односно судот кои ги упатил страните на постапка на медијација.



# Медијација во граѓанската постапка

* **Можна во многу видови граѓански спорови:**

Домашни спорови согласно: Закон за бесплатна правна помош, Закон за социјална заштита, Закон за мирно решавање на работните спорови, ЗПП, Закон за заштита на потрошувачите, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законот за државен пазарен инспекторат, Законот за животната средина, Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, Законот за генетски модифицирани организми, Законот за давање на финансиски услуги на далечина, Законот за трговски друштва, во колективните договори од областа на образованието и др

Прекугранични спорови од областа на трговското и граѓанското право, за кои не е предвидена исклучива надлежност на суд или друг орган.

* **Задолжителна**
* - во стопанските спорови **до 1.000.000 ден.**, странките се обврзани пред да поведат судска постапка да се обидат спорот да го решат по пат на медијација, и
* - во спорови **над 1.000.000 ден** кога постои **писмен договор помеѓу страните во кој е предвидена медијација во случај на спор**



# Медијација во граѓанската постапка

* **Можна** во многу видови граѓански спорови.

Во споровите во кои е дозволена медијација, заедно со поканата за подготвителното рочиште да достави до странките писмено укажување дека спорот може да се реши во постапка за медијација (исто кога е мала вредност за првото рочиште).

* **Задолжителна**

Судот ќе ја отфрли тужбата за спор доколку страните воопшто не се обиделе односно не приложиле кон тужбата доказ дека е направен обид за решавање со медијација

**Доколку странките склучиле спогодба во постапка на медијација,** должни се истата да ја достават до судот во рок од осум дена од денот на нејзиното склучување. Судот закажува рочиште на коешто на записник ја констатира склучената спогодба која **добива својство на судско порамнување** ако се исполнети условите за склучување на судско порамнување



# Медијација во граѓанската постапка

- **Примарна цел на медијацијата** е спречување на конфликти или спорови пред тие да ескалираат, како и нивно решавање пред странките да излезат на суд.
- Сепак, многу страни водат судски спор затоа што мислат дека немаат избор и не се свесни дека постои друг начин за решавање на спорот.
- Конфликтот или спорот произлегува од недоразбирање и затоа се нарушени односите меѓу страните. Споровите секогаш ги кријат незадоволените интереси и потреби на страните, кои тие не ги соопштиле. Страните не можат отворено да разговараат за нив се додека се во режим на спротивставување на суд или надвор од него, а додека во овој натпревар се обидуваат да си докажат меѓусебно дека се во право и да победат или поразат други.
- Медијацијата не ја исклучува парницата, а парницата не ја исклучува медијацијата.
- Судиите се зафатени со голем број предмети, со барања за судење во разуме рок, донесување правилни одлуки и професионалност на судските одлуки. Судскиот спор е долг и неизвесен. Поради долготрајноста, судските постапки се скапи.
- Без соработка на судиите, мора да се признае, примената на медијација во судовите тешко ќе заживее.



# Медијација во граѓанската постапка

Судиите во еден спор имаат предност да ги препознаат предностите и недостатоците на медијацијата или судската постапка и странките имаат повеќе верба во судиите кога (како трето лице) ќе им предложат медијација, за разлика од некој друг

* На сличен начин како што лекарот е должен да му ја објасни ситуацијата на пациентот, судијата би требало да им објасни на странките што всушност е судот и како функционира (имено да решава правни прашања), но дека не може да ги реши или подобри односите помеѓу страните. Тогаш судијата ќе им понуди алтернативно решање на спорот, односно медијација

* Во медијацијата страните доаѓаат до свое решение кое им одговара и затоа го сметаат за праведно. На овој начин се зголемува пристапот на странките до правдата, нивната сопствена правда, во која секоја од страните задоволила некои свои интереси. Како страни во медијацијата, тие сметаат дека спогодбата е правична, доброволно и навремена да се изврши.



# Организација на медијаторите

* Комора на медијатори
* Именик на медијатори

**Органи на комората**

* Собрание
* Надзорен одбор
* Управен одбор
* Претседател на Комората
* Етички совет

**Обезбедување, следење и оценување на квалитет на работите на медијацијата**

Национален совет за медијација

# МЕДИЈАЦИЈА

* СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ



* ПРАШАЊА

# ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА ВНИМАНИЕТО!

*М-р Борче Мирчески*

*Маргарита Стевкова Николовска*